View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

# Literary works as a means and medium for developing positive moral values with young people

By: Natalija Pop Zarieva M.A. In English Literatute

Abstract

Despite the revolutionary improvements in many scientific areas which have aimed towards making life better or easier, we have come to a point when we ask ourselves what has happened to the basic human principles of behavior which make us unique beings. We live in a world of forgotten moral values and we have to ask ourselves where this is leading to and how it affects the young population. My approach towards this topic is generally from the point of view of a teacher who has become aware of the fact that the absence of moral values has made teaching a very unrewarding profession and the classroom a place where the student would rather not be. In this paper I present different theories on values and the novel "The Pearl" as a fine example of literary work which explores some fundamental moral values. My purpose was to suggest that a literary work can help in installing moral values in the younger generation if it is taken as a resort to introducing values.

Key words: moral values, teaching literature, young people, society, ethics, virtues, materialistic society,

# Книжевните дела како средство и медиум за развивање позитивни морални вредности кај младите

М-р Наталија Поп Зариева

Апстракт

Покрај революционерниот напредок на многу научни полиња чија крајна цел веројатно биле да се направи човековиот живот поубав, полесен, стигнавме до момент кога се запрашуваме што се случило со основните морални принципи на однесување кои не прават уникатни суштества. Живееме во свет на заборавени морални вредности и мора да се запрашаке каде оди сево ова и како тоа влијае на младите. Мојот пристап кон оваа тема е од гледиште на наставник кој се соочува со фактот дека отсуството на морални вредности ја прави професијата наставник многу неблагодарна а училницата место каде учениците воопшто не би сакале да бидат. Во текст претставувам разни терии за вредности од минатото па до денес и новелата „Бисерот" од Џон Стеинбек како одличен пример на литературно дело кое обработува некои основни морални вредности. Моја цел беше да покажам дека и книжевните дела може да помогнат во вградување на моралните вредности кај младите.

Клучни зборови: морални вредности, литература, младите, етика, доблести, материјалистичко општество

## Вовед

Она што ме поттикна на размислување на една древна тема, стара колку човечката цивилизација , а во последно време како да го губи своето значење и место во современиот свет, е една од мудрите мисли на Таткото на индиската нација Махатма Ганди која вели:

„Ако богатството се изгуби, ништо не е изгубено

Ако здравјето се изгуби, нешто е изгубено
Ако карактерот се изгуби, се е изгубено."

Зборот карактер овде не е употребен од аспекст на психологијата, како црта или карактеристика на личноста или во народниот говор како добар или лош карактер, туку во контекст на морал и морални вредности. Самиот збор „морал" потекнува од латинскиот збор „moralis" со значење „соодветно однесување на личноста во општеството", а употребен во множина означува „обичаи, начин на однесување". Со други зборови, „моралот" треба да се сфати како нешто што претставува дел од традицијата која се предава од генерација на генерација во општеството. Денес во современиот свет во кој живееме, сите сме сведоци дека моралните стандарди во општеството се како некој животински вид кој е во опасност од изумирање. Постои огромна промена на полето на вредности како последица на повеќе фактори надополнети со влијанието на модерната култура на живеење, индустријализацијата, глобализацијата, мултинациолни земји и веројатно и други влијание кои се надвор од мојата способност за перцепија и восприемање на комплексноста на современото живеење.

Текст

Кога размислувам за вредностите, мојата мисла има потреба да ги разбере и проникне од две основни гледишта: како родител и како предавач. Вредностите кои ние ќе им ги вградиме на нашите деца денес, свесно или несвесно, ќе имаат големо влијание на општеството во иднина. Показателите за детериорација на моралните вредности во генерациите што растат се очигледни во многу сфери на нашето живеење, од едноставното занемарување или игнорирање на мислењето на другите луѓе, па до изразена индиферентност кон кодовите на однесување и установените правила и регулации. Како резултат на тоа општеството станува понасилно, помалку конзервативно и „ послободно", секако не во позитивна смисла. Оваа деградација ги прави денешните млади да бидат поагресивни, да речеме, од периодот во 80те, и претерано да употребуваат навредлив и вулгарен жаргон. Назадувањето во стандардите на однесување на младите луѓе е резултат на губењето на морален водич дома или/и во училиште.

Вредностите се водечки принципи, кои имаат одлучувачка улога во секојдневните ситуации, но и во животните ситуации кои се од пресудно значење на личноста. Предавањето односно поучувањето вредности значи поттикнување кај младите чувство за хуманизам и длабока загриженост за добросостојбата на другите и на нацијата во целина. Секое наше дејство и секоја наша мисла, гледано од аспект на психологијата и медицината, остава впечаток во нашиот ум. Сите вакви впешатоци го определуваат нашето однесување во даден момент и нашето реагирање во дадени ситуации. целосниот збир на сите наши импресии е она што го определува нашиот карактер односно однесување. Минатото ја определува и дефинира иднината, и последователно сегашноста, нашите сегашни мисли и импресии во умот и даваат форма на нашата иднина.Ова е еден од водечките принципи во развојот на личноста. Токму поради ова е од огромна важност да младиот човек да се поучува и учи на морални вредности од најрана возраст како на училиште така и дома.

Не може а да не се земе предвид фактот дека моралните вредности не се вградуваат во многу домови како што тоа порано беше случај, но и улогата на на училиштата во влијанието на моралните вредноста е сосема минорна. Ако зборуваме за формалното образование, до пред извесно време моралните вредности не беа изучувани ниту како одделен предмет, ниту како тема во програмата на некои од блиските области на изучување. неодамна се случија промени во националниот курикулум и беше воведна Етика како посебен предмет на изучување во основното образование. Но што е со генерациите кои растеле во време кога биле лишени од моралните вредности и назадени во моралниот релативизам на образовниот систем, и сега произвеле поколение кое го носи моралниот релативизам до нови нивоа.

Фактот што младиот човек не е упатен за моралните вредности во домот води кон недостаток на дисциплина во училницата, што пак ја прави училницата место на безредие каде поучувањето станува се потешко. Ова е клучниот момент што ме натера да размислувам за моралните вредности во општеството и однесувањето на младите денес.

Пред извесно време наидов на новелата „Бисер' од Џон Стеинбек. Нејзината главна карактеристика лежи во едноставноста на стилот, јазикот и содржината. И покрај директниот стил Стеинбек успева да претстави моќни ликови и живи и детални описи на околината. Приказната се фокусира на еден сиромашен човек и неговата жена, кои наоѓаат огромен бисер на кој целото село почнува да чувствува завист. Она што го привлече моето внимание беа моментите на размислување за своите постапки, поврзаноста со Бога, постојанотот проценување на сопственото однесување кон другите и постапките во секојдневното живеење. Оваа книга би била прекрасен извор на етички теми за дискутирање на часовите по литература и пример на однесување на младите денес. Таа ве носи во еден свет каде мирот во природата ве тера да размислувате за правичноста на делата, што е морално прифатливо, а што не, што е најважното во животот. Таа ве поттикнува да размислувате за вредностите во животот и донесување на вистински одлуки.

Друга причина зошто оваа книга е вредна за младите читачи е што на суптилен начин го наметнува проблемот на Американскиот сон. Иако некои критичари гледаат во во него нешто повеќе од тежнеење за материјален успех, јас во приказната за Кино и и бисерот што го нашол гледам огледало на денешниот свет за материјално богатство. Вредностите се сосема заборавени во потрагата да се здобиеме со богатство и материјални добра. Ова го прави општеството во кое живееме екстремно материјалистичко и луѓето се само заинтересирани за својата материјална благосостојба заборавајќи на духовното, хуманото и потребите на другите луѓе. Луѓето стануваат себични, безверни и само со цел да уживаат. Преку ситуациите од животот на главниот лик можат да се извлечат заклучоци за она што поважно и најважно во животот, дека желбата за материјален успех го уништува човечното во човекот и носи зло и несреќа. „Бисерот" е прекрасен пример да се споредат моралните вредности на различно место и во различно време со моралните вредности денес.

Моја цел е да нагласам дека иако моралните вредности се менуваат и развиваат со текот на времето, постојат некои основни или природни вредности кои не смеат да бидат заборавени. Затоа што ако се деградира моралното однесување на поединецот, така постепено и општеството ќе се деградира.

Во проучувањто на ова дело се обидов да ги пронајдам сите примери на етички проблеми кои се претставени. Меѓу примерите на расизам, како чест вид на однесување во делото и разбирлив со оглед на фактот дека дејството се случува за време на колонијалната ера во Мексико, во едно мало рурално гратче Ла Паз, но не и етички оправдана појава и начин на однесување, среќаваат и примери на класизам. Овие две појави се карактерисрични за колонизаторите кои во исто време биле и богатата класа кои ги уживала сите привилегии во градот, а локалното население било сметано за граѓани од втор ред, а понекош третирано максимално нечовечно. Но, етичкиот проблем кој преовладува низ целата книга, скоро на секоја нејзина страница е посоењето на Бог . Ова го опфаќа целосното живеење на колонозираните селани. Она што го прави специфично е тоа што тие направиле комбинација од нивните родени политеистички верувања во повеќе богови и христијанското менотеистичко верување. Она што им е заедничко на двете верувања е постоењето на дух што е над луѓето и над физичкото. Ова моше да се сфати како обид на авторот да ни каже дека секоја религија и важна. Религиозниот плурализам е присутен во Соединетите Американски Држави како мешавина од повеќе религии кои постојат на едно исто место. Религиозен плурализам е поим кој се однесува на светското гледиште според кое една религија не е единствен извор на вистината, и дека барем некои вистини и вистински вредности постојат и во другите религии.

Како и да е, оваа етичка појава не би сакала да гледам од аспект дали постои една или повеќе вистински религии, туку повеќе од гледиште на важноста од верувањето во духовното,

онаа сила што ги прочистува нашите души и што ни го осветлува патот кон моралното живеење, живеење во склад со природата .

Проучувањето на литературата и книжевните дела од аспект на добро и лошо однесување, идентификувањае на морални вредности кои се добри и позитивно влијаат на самата личност, но и целото општество на индиректен начин може да претставува корисен начин да се издигне свеста младиот човек за квалитетно живеење. Би сакала да се прочува литературата од гледиште на нормативната етика, која ни овозможува практично да ги осознаеме моралните стандарди кои го определуваат погрешнотот и правилнотот однесување. Ова подразбира дефинирање и определување на добрите навики кои треба да ги имаме, должностите кои треба да ги следиме или последиците и влијанието од нашето однесување на другите.

Многу филозофи сметаат дека моралноста се состои од точно дефиниранправила на однесување, како „не убивај" или „не кради". Тоа подразбира дека личноста треба да ги научи овие правила и се осигура секое свое дејство да биде во склад со правилата. Оваа теорија делумно влијае на однесувањето затоа што учењето на правила не значи дека личноста ќе ги чувствува како дел од себе, затоа пак значењето на развивање *добри карактерни навики или навики на однесување* може да помогне во издрадување на морална личност. Кога еднаш личноста ќе се здобие со каратеристиката *добротворност* на пример, таа тогаш повторливо и по навика ќе се однесува *доротворно* во животот. Ова е тема на проучување на доблесната етика, една од најстарите традиции во филозофијата за правилно и добро живеење. таа води корени од Платон, кој нагласил четири доблести, кои подоцна биле наречени *главни доблести*: мудрост, храброст, умереност и правда (Платон во Купер,1997). Други важни доблести се сметале: *волјата, дарежливоста, самопочитта, добриот нарав и искреноста.* Во истовреме личноста треба да се учи да ги одбегнува лошите карактеристики како: *страшливоста, неправдата, суетноста и рамнодушноста.* Теоријата за доблест ја нагласува потребата од морално образование затоа што доблесните каракеристики на личноста се развиваат од најмлади години. Затоа возрасните се одговорните за вградување на доблестите во младите.

Аристотел тврдел дека доблестите се добри навики кои ние ги учиме, кои ни ги регулираат односно управуваат емоциите. (Аристотел во Барнс,1984) Во 17от век германскиот философ Семуел Пуфендоф ги нарекол *должности*, и притоа разликува: *дожности кон Бога, должности кон себе и должности кон другите.* А пак најраниот осврт на теоријата за права е онаа на британскиот философ Џон Лок според кого не треба да им наштетиме на ничиј живот, здравје, слобода и сопственост.. Според Лок овие се природни права, кои ни се дадени нам од Бога. (Лок во Џексон).

Потоа во 1776г следува Декларацијата за Независност на Соединетите Американски Држави потпишана од Томас Џеферсон, која признава три фундаментални права: живот, слобода и потрага по среќа. (Декларација за Независност: Транскрипција ВО КОНГРЕС, 4 јули, 1776).

Во постмодерната ера глобалната мрежа претставува еден нов медиум кој ги однел моралните вредности во нов неочекуван правец. Етичките вредности кои важат за некој народ или култура овде сосема ја губат важноста затоа што Интернетот ги изложува младите и општо луѓето на огромен број различни култури, вредности, норми и верувања, кои ги рефлектираат различните културни позадини и интереси. Иако правилата за однесување или етиката кога станува збор за Интернетот би можеле да бидат корисни, истите се разликуваат дури и меѓу професионални заедници во една земја, а помеѓу повеќе земји очигледна е новозможноста од зеднички етички принципи. Како место за социјализација, споделување искуства, бескраен извор на информации, Интернетот во многу случаи има позитивен ефекти на луѓето, посебно младите, но во истовреме е место каде луѓето ги менуваат своите верувања, убедувања, ставови и вредности. Значи Интернетот е една нова закана за моралните вредности на човекот, затоа што нема сопствени , унифицирани кодови на однесување.

## Заклучок

Постоењето на Бог во секој сегмент на нашите животи е многу значаен праг за благосостојбата и подобриот живот на секој поединец и на нацијата во целина, особено во денешниот свет на разнишани морални вредности и ставови. Во контраст со етичките вредности што генерално постојат денес, во постмодерната ера, се обидов да го доловам значењето на моралните вредности во „Бисерот' на Џон Стеинбек во средина на 12от век со загубени или разнишани морални вредности и однесување. Во изгубените вредности ја гледам опасноста да се изгуби традицијата и културата на самата нација и затоа сметам дека еден од можните начини да се всадат позитивни морални вредности кај младите е преку читање и толкување на книжевни дела кои отсликуваат одделни етички проблеми или примери на позитивно или негативно морало однесување. Доблесните карактеристика се вградуваат од најмала  возраст затоа треба да се стави посебен акцент на градењето на доблесна младина која ќе успее да и одолее на пороците, замките и заблудите на Интернетот и која ќе претставува иднината на нашата земја.

Библиографија


Hungorani A.T.& Ganga A. Hungorani: *The Encyclopedia of Gandhian Thoughts.* Retrieved on 29 Nov. 2010. http://www.mkgandhi.org/gandhiquotes.htm

Hoad T. F.. "moral." The Concise Oxford Dictionary of English Etymology. 1996. *Encyclopedia.com.* Retrieved on 2 Dec. 2010 <http://www.encyclopedia.com>.

Fieser.J.(2003) Ethics . Retrieved on 15 Oct. 2010. www.iep.utm.edu

Plato, *Republic*, 6:510-511, in Cooper, John M., ed., *Plato: Complete Works* (Indianapolis: Hackett Publishing Company, 1997).

Aristotle, *Nichomachean Ethics*, in Barnes, Jonathan, ed., *The Complete Works of Aristotle* (Princeton, N.J.: Princeton University Press, 1984).

*Online Etymology Dictionary*. Retrieved on 2nd December, 2010, from Dictionary.com website: http://dictionary.reference.com/browse/deontological

Locke, John, *Two Treatises*, in Jackson P. *John Locke: Two Treatises of Government* Retrieved on 15 Oct. 2010. http://www.suite101.com/content/john-locke--two-treatises-of-government-a232478#ixzz16zQkfoLQ

http://www.archives.gov/exhibits/charters/declaration_transcript.html

Steinbeck,J.(1992) *The Pearl*. New York, Penguin Books